Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 20.09.2024

На 19.09.2024 во 21.55 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.П.(30) од н.Илинден, Скопје. Тој се сомничи дека околу 21.30 часот во аптека во населбата Ново Лисиче со закана со пиштол кон вработените одзел пари од дневниот промет. Пиштолот бил пронајден и одземен, а биле пронајдени и паните и биле вратени на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.09.2024 во 21.45 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.М.(35) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Денеска (20.09.2024) во 02.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.С.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2024 во 21.10 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.П.(24) и Д.К.(22), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветени поднесоци.

На 20.09.2024 во 00.00 часот на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.А.(35) од Тетово затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2024 во 22.50 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.О.(21) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2024 во 20.00 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија на дрога и оружје при СВР Штип го привеле В.И.(22) од Штип. При преглед во патничкото возило „мазда" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 19.09.2024 во 14.40 часот, полициски службеници од СВР Тетово во селото Ѓ.Ѓ.(32) од с.Слатино, тетовско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена дробилка со остатоци од марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2024 во 22.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода У.Ц.К.(28) и М.С.(35), двајцата од Република Турција, затоа што при извршена проверка било констатирано дека двајцата го пречекориле престојот во државата, а притоа кај У.Ц.К. била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 19.09.2024 во 20.25 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на локален пат помеѓу селата Робово и Муртино, струмичко, Р.П.(36) од село Владевци, струмичко, управувајќи мотоцикл „јамаха" со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола и со мотоциклот излетал надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 19.09.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Центар, Х.Л.(22) од Скопје пријавил дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.09.2024 околу 14.30 часот во Полициското одделение Петровец, Д.Ј.(83) од Скопје пријавил дека во с.Катланово бил каснат од куче скитник.

Денеска (20.09.2024) во 00.50 часот во Полициската станица Центар, Н.Н.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Живко Чинго" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.09.2024, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ѓ.С.(32) и С.Б.(27), двајцата од Куманово. Тие се сомничат дека на 21.07.2024 одзеле предмети од приватен имот во Куманово. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 19.09.2024 во 18.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Д.Р.(31) и Е.И.(34), двајцата од Куманово, затоа што од приватен имот во кумановско одзеле домашни животни. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветна пријава.

СВР Велес поднесе кривична пријава Ј.Ф.(24) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.03.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана, таблети МДМА и пари.

На 19.09.2024 на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.Б.(29) од Битола. Тој се сомничи дека околу 11.40 часот го запалил мопедот со битолски регистарски ознаки, сопственост на С.А. од Битола, кој претходно го управувал. Увидот бил извршен и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Н.(33) и Г.Ц.(39), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 31.03.2024 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над друго лице, при што била пронајдена и одземена марихуана за која било утврдено дека ја набавило од А.Н. со посредство и договор со Г.Ц..

На 19.09.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје, Б.Ч.(69) од Скопје пријавил дека околу 12.10 часот пред угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Р.Б.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2024 во 13.15 часот во СВР Скопје, А.А.(36) од Скопје, пријавила дека на 17.09.2024 околу 12.00 часот во основно училиште на подрачјето на Карпош, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.Г.(22) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци". На 19.01.2024 во близина на с.Славеј, прилепско, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, од која му овозможил на друго лице, кое било со него, да ја користи.

На 19.09.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје, 51 - годишна жена пријавила дека на 16.09.2024 околу 15.00 часот на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер А.З.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.Р.(51) од с.Умлена, пехчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Полициски службеници извршиле претрес во објект во атар на с.Умлена, сопственост на пријавениот, при што била пронајдена и одземена ловечка пушка калибар 12/70мм и ловечки патрони кои ги поседувал без дозвола.

На 19.09.2024 во 23.10 часот во СВР Скопје, од Комплекс клинки „Мајка Тереза" во Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен И.М.(63) од Скопје. Според пријавената, на 16.09.2024 околу 07.00 часот, додека управувал велосипед се судрил со патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, по што се спогодиле со возачот и си заминале од местото, а на 19.09.2024 побарал медицинска помош и му биле констатирани повредите. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 19.09.2024 во 16.00 часот во СВР Штип, С.П.(48) од с.Стар Караорман, штипско, пријавила дека околу 15.30 часот на ул„Сутјеска" во Штип, едно лице со употреба на сила ѝ го одзело мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Т.(31) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 03.08.2024 на ул.„Павлина Вељанова" во Кочани, пријавената физички нападнала вработен во општина Кочани додека извршувал работни задачи.

На 19.09.2024 во 12.40 часот во СВР Скопје, 39 – годишна жена од Скопје пријавила дека на 18.09.2024 околу 13.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице се соблекувало пред повеќе малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.А.(55) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 04.08.2024 во уостителски објект во Гостивар, пријавениот, сопственик на објектот, по претходно недоразбирање, физички ја нападнал вработената М.А..

На 19.09.2024 во 16.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.М.(46) од Скопје пријавила дека во близина на Нова Железничка го пронашла нејзиниот брат Д.М.(45) за кој на 17.09.2024 пријавила дека се оддалечил од домот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.К.(36) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 31.08.2024, пријавениот упатувал закани на неговата сопруга, со која е во брачноразводна постапка, на нејзината мајка и малолетната ќерка.

На 19.09.2024 во 13.15 часот во СВР Скопје, 36 – годишна жена од Скопје пријавила дека на 17.09.2024 во основно училиште на подрачјето на Карпош во Скопје, нејзиниот малолетен син бил полово вознемируван од негов соученик. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.09.2024 во 09.30 часот во ОВР Свети Николе, Д.Е.(27) од с.Ерѓелија, светиниколско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата сопруга Б.Е.(25). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2024 во 21.50 часот во ОВР Кавадарци, Д.Г.(66) од Кавадарци пријавил дека на булевар „Моша Пијаде" во Кавадаци бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет